**ЗДРУЖЕНИЕ НА ПРАВНИЦИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**MACEDONIAN LAWYERS ASSOCIATION**

**Бул. „Гоце Делчев“ бр.9б. 1000 Скопје, Република Северна Македонија, тел./факс (389) 02 3131 084**;

1968 - 2017 мејл: mla@mla.org.mk http://www.mla.org.mk

# СТАТУТ

# НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРАВНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Скопје, септември 2023

Врз основа на членовите 18 и 23 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ 52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 239/22) и Одлуката за донесување на нов Статут на Здружението на правниците на Република Северна Македонија, донесена од Собранието на Здружението, бр.02-33, од 28 септември 2023 година, Собранието на Здружението на правниците на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 28 септември 2023 година, го утврди текстот на Статутот на Здружението на правниците на Република Северна Македонија.

# СТАТУТ НА ЗДРУЖЕНИЕТО НА ПРАВНИЦИТЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

## ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Здружението на правниците на Република Северна Македонија (во натамошниот текст: Здружение) е основано на основачкото собрание, одржано на 6 март 1968 година, како Здружение на друштвата на правниците во стопанството на Македонија. На Собранието на Здружението, одржано на 25 октомври 1991 година, Здружението продолжи да работи како Здружение на правниците од стопанството на Македонија. На Собранието одржано на 20 октомври 2006 година, Здружението продолжи да работи како Здружение на правници на Република Македонија.

Здружението е организација на граѓани во која доброволно се здружуваат правниците од Република Северна Македонија со цел да ги остваруваат, задоволуваат и заштитуваат своите стручни и други интереси и организирано да дејствуваат и помагаат во остварувањето на Република Северна Македонија како правна држава во која владее правото и во која се почитуваат и остваруваат меѓународните стандарди во различните сфери на живеењето и работењето.

**Член 2**

Работата на Здружението е јавна.

**Член 3**

Здружението е непрофитно, непартиско, самостојно и независно во определувањето и остварувањето на своите цели и активности, утврдени со овој статут.

Здружението своите права, должности и одговорности ги остварува во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, со законите и со овој статут.

Со Здружението управуваат членовите на Здружението (во натамошниот текст: членовите) на начин и според условите, определени со овој статут.

Здружението може да врши дејност од јавен интерес под услови, утврдени со закон.

**Член 4**

Здружението може да се зачленува во сојузи, но и да се зачленува во меѓународни здруженија и други асоцијации во странство.

Во членот 5 зборовите на крајот од реченицата „свое гласило“ се менуваат со зборовите „свои гласила“.

**Член 5**

Во функција на остварувањето на своите цели и дејности, а и за обезбедување на јавност и транспарентност во своето делување, Здружението издава свои гласила.

**ЦЕЛИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 6**

Правниците се здружуваат во Здружението со цел преку неговите активности и дејствувања:

- да се обезбедува размена на информации меѓу правниците во државава за начинот на имплементацијата на законите, практиката и професионалната одговорност во практикувањето на правото;
- да се промовираат информации и да се разменуваат информации меѓу членовите за начинот на остварувањето на нивните професионални ангажмани, за одредени тешкотии и за добивање поддршка во остварувањето на човековите права;
- да добиваат информации за правници од други земји-членки на партнерски асоцијации на Здружението;
- да бидат вклучувани во работата на органите, работните тела, секциите и другите форми на работа на Здружението и преку своите членови да учествуваат преку свои членови во јавни дебати, дискусии и расправи по одредени правни прашања;
- во рамките на Здружението, преку едукација да ги усовршуваат своите стручни знаења од областа на правото и на општата правна доктрина;
- да ја изградуваат и надградуваат правната свест и логика, а со тоа да се приспособат на потребите на времето;
- да добиваат информации за правото на Европската Унија и други меѓународни организации со чие дејствување се создава и гради меѓународниот поредок и правилата на однесување во сферата на бизнисот, човековите права и граѓанскиот сектор;
- да се промовираат принципите и целите на Обединетите нации, посебно оние од областа на правото;
- да поведуваат соодветни иницијативи за донесување нови прописи или решенија со цел усогласување на постојното законодавство со меѓународното и со правото на Европската Унија;
- да влијаат и да промовираат владеење на правото, развој на демократијата и на демократските принципи и почитување на човековите права;
- преку заедничко проучување на судската практика и други практични проблеми, да се усвојат и промовираат усогласени правни ставови, мислења и правни стандарди во одредени подрачја на правото;

- организирано да дејствуваат во изградбата и доградбата на правниот и политичкиот систем и
- со своето зголемено знаење и усовршување да дадат придонес во почитувањето и правилното толкување и примената на правната регулатива, со што ќе се придонесува кон владеењето на правото и правната држава.

**Член 7**

Здружението ја поттикнува, ја координира и ја насочува активноста на правниците во функција на зголемување и збогатување на нивните стручни знаења, на усовршувањето во работата, а негова цел е и да овозможи преку здружено дејствување и остварување на заедничкиот интерес, неговите членови да дејствуваат во изградбата, доградбата или менувањето на правниот и политичкиот систем на земјата и кон приспособување на промените што ги носи времето, а сето тоа како резултат на членство на нашата држава во Европската Унија.

Здружението е форум на кој се поведуваат актуелни проблеми од областа на правото, по кои се води расправа и се заземаат ставови што се од значење за владеење на правото и за успешно вршење на правната професија.

Здружението е и форум за отворени дијалози што се фокусираат на прашања од заеднички интерес за членовите на Здружението и на граѓанското општество.

Сите форми преку кои се одвива работата на Здружението целосно се насочени кон остварување на човековите права, како темелна основа и вредност на македонското општество. Токму затоа Здружението организира посебни едукативни програми преку кои се оспособуваат членовите и другите граѓани за стандардите на човековите права и слободи, за начините и можностите за нивно остварување, како и за можностите за заштита пред надлежните органи во земјава и пред меѓународните судови и институции.

**ДЕЈНОСТИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 8**

Во остварувањето на целите од член 6 и 7 на овој статут, Здружението:

- ги претставува и застапува заедничките интереси на членовите пред надлежните органи и организации во земјава и во странство;
- се грижи за стручно усовршување на правниците во областа на националното и меѓународното право;
- работи на подигање на правната свест, односно на правната етика;
- им овозможува пристап и им испраќа информации што се содржани во базата на информации на Здружението за правото на Европската Унија и за прописи на други земји;
- преку интернет истражува и прибира информации од областа на правото;
- преведува закони, подзаконски акти и други материјали на јазици што се од интерес на членовите на Здружението;
- ги информира своите членови за регулативата во Република Северна Македонија;
- соработува со образовни установи, стручни здруженија, асоцијации и други организации и институции во земјата и во странство поврзани на кој било начин со правото и со правната професија, преку потпишување меморандуми за соработка, заедничко организирање на настани, меѓусебно вкрстено членство и слично;
- организира самостојно или заеднички со други организации, здруженија, трговски друштва или други правни лица конференции, стручни собири, стручни советувања, семинари, работилници, обуки, предавања и други облици и форми на заедничка работа и едукации заради развивање и усовршување на правната теорија и практика;
- издава соодветни сертификати и потврди на учесниците на стручните средби, советувања, семинари и другите форми преку кои ги врши своите активности
- презема различни активности за промоција и заштита на независноста на правната професија;

- подготвува неофицијални пречистени (консолидирани) текстови на закони на Република Северна Македонија што се корисни за вршењето на правната професија;
- го издава стручното списание ПРАВНИК и изданието за теорија и практика на правото - ДЕЛОВНО ПРАВО;
- издава други публикации од областа на правото и економијата со научни и стручни трудови, кои се од интерес за правната професија;
- објавува коментари на прописи што се од особен интерес за вршењето на правната професија;
- поттикнува млади правници да го надградуваат своето знаење преку зачленување во Здружението;
- дава правна помош, согласно со пропис со кој се уредува правната помош и
- врши други работи што го помагаат остварувањето на личните и заедничките интереси на правниците поради остварување на целите на здружувањето, а кои не се во спротивност со Уставот и законите.

## ИМЕ И СЕДИШТЕ

### Член 9

Името на Здружението е: „Здружение на правници на Република Северна Македонија". Скратениот назив на Здружението гласи: „ЗПРСМ"

Седиштето на Здружението е во Скопје, на булевар „Гоце Делчев" бр. 9б.

### Член 10

Здружението има својство на правно лице.

Својството на правно лице Здружението го стекнува со уписот во регистарот што го води Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Здружението, како правно лице, за своите обврски одговара со средствата со кои располага.

### Член 11

Здружението има свој печат.

Печатот на Здружението е тркалезен и го содржи називот: Здружение на правници на Република Северна Македонија.

Здружението има свој заштитен знак (трговска марка). Знакот по својот изглед го одразува името на Здружението. Знакот, со одлука, го утврдува Управниот одбор. Управниот одбор поведува постапка за стекнување и за признавање трговски знак (трговска марка).

## УСЛОВИ И НАЧИН ЗА ЗАЧЛЕНУВАЊЕ, ПРЕСТАНУВАЊЕ НА ЧЛЕНСТВОТО И ПРАВА И ОБВРСКИ НА ЧЛЕНОВИТЕ

### Член 12

Членови на Здружението може да бидат физички (индивидуално членство) и правни лица (колективно членство).

Физичко лице може да биде член на Здружението доколку:

- е деловно способно,
- е државјанин на Република Северна Македонија,
- е дипломиран правник што ги прифаќа целите, правата и обврските уредени со Статутот на Здружението и
- редовно ги исполнува обврските кон Здружението.

Членови на Здружението може да бидат и правни лица, здруженија и други слични организации основани за територијата на Република Северна Македонија (колективни членови). Управниот одбор ги утврдува условите и критериумите за колективно членство.

Индивидуалните членови на Здружението може да бидат редовни, придружни или почесни.

Редовни членови на Здружението се дипломирани правници, кои ги исполнуваат условите од ставот (2) на овој член.

Придружни членови на Здружението се правници што немаат услови за редовно членство во Здружението, но изразиле желба за членство и ги прифаќаат целите на Здружението.

Почесни членови на Здружението се членови од редот на истакнати правници во Република Северна Македонија и од странство, избрани со одлука на Управниот одбор. Почесните членови немаат обврска да плаќаат членарина. Тие може да присуствуваат на седниците на Собранието, но без право на глас. Почесните членови не може да бидат избрани во органите на Здружението. Секој редовен член на Здружението може да поднесе предлог за почесен член.

Здружението води Регистар на своите членови (во натамошниот текст: Регистар).

Ажурирањето на податоците во Регистарот и евиденцијата на членовите во органите на Здружението го врши секретарот на Здружението.

Здружението ја гарантира анонимноста на личните податоци на членовите во согласност со прописите за заштита на личните податоци и класифицирани информации.

**Член 13**

Секој што сака да биде член на Здружението поднесува пријава за зачленување и пополнува изјава за пристапување (пристапница). Пополнета пристапница со потребните податоци може да се симне и пополнета да се достави до Здружението и по електронски пат на официјалната мејл адреса на Здружението.

Секој член на Здружението има обврска да ги даде податоците за контакт (телефонски број и адреса на електронска пошта), кои ќе ги користи во комуникацијата, поврзана со работењето на Здружението.

Одлуката за прием на нови членови во Здружението ја донесува Управниот одбор.

Член на Здружението станува член со запишување во Регистарот на членови. Со запишување во Регистарот на членови, членот ги стекнува правата и обврските, утврдени со овој Статут.

**Член 14**

Членовите на Здружението со членувањето имаат право:

- непосредно да учествуваат во работењето и одлучувањето на Собранието, како и преку органите на Здружението;
- да избираат и да бидат избрани во органите на Здружението;

- да бидат благовремено и целосно информирани за работата и активностите на Здружението;
- да бидат навремено информирани за промените во законската регулатива во земјава во текот на нивната подготовка;
- да добиваат информации за меѓународни правни документи и прописи, како и за трендовите во развојот на одредени правни области;
- да даваат иницијативи за организирање стручни, тематски расправи за разрешување одредени апстрактни правни прашања и дилеми;
- да даваат иницијативи и предлози за свикување на Собранието и
- ги остваруваат други права, утврдени со закон, овој статут или со одлуки на органите на Здружението.

Конкретните предлози за остварувањето на своите права, членовите на Здружението ги поднесуваат до секретарот на Здружението.

**Член 15**

Членовите на Здружението имаат обврска:

- да се придржуваат кон одредбите од Статутот на Здружението;
- рамноправно и активно со другите членови да учествуваат во остварувањето на целите на Здружението;
- активно да учествуваат во работата на Здружението, преку изјаснување при донесување одлуки на Собранието;
- да предлагаат форми и методи за поуспешна работа на Здружението;
- да ги спроведуваат во практика одлуките и ставовите што ќе му ги доверат органите на Здружението;
- да плаќаат годишна членарина;
- членовите се должни да постапуваат во согласност со закон, овој Статут и највисоки етички стандарди за професионално однесување во правната професија и
- ги извршуваат преостанатите обврски, утврдени со овој статут или со одлуки на органите на Здружението.

**Член 16**

Членството во Здружението може да престане поради:

- исклучување од Здружението, особено поради неплаќање членарина, подолготрајна неактивност во работењето на Здружението, непочитување на целите на Здружението, определени со овој Статут, повреда на угледот на Здружението, повреда на етичките стандарди за професионално однесување во правната професија и слично и
- со одлука на самиот член (оставка што може да се даде во секое време) или од природни причини (смрт или друга природна спреченост на член - физичко лице или стечај, ликвидација или друг начин на престанок на правно лице). Во случај на оставка, членот на Здружението може да истапи со давање на писмена изјава за истапување до секретарот Здружението и давање доказ дека претходни ги исполнил сите обврски кон Здружението.

Одлуката за престанок на членство ја донесува Управниот одбор на образложен предлог од претседателот.

Исключен член на Здружението има право да поднесе жалба до Собранието во рок од 15 дена, сметајќи од денот на доставувањето на одлуката за разрешување. Собранието е должно да ја реши жалбата во рок од 30 дена, сметајќи од денот на доставувањето на жалбата. Одлуката на Собранието за исклучување е конечна.

Членот на Здружението, чиешто членство престанало се брише од Регистарот на членови.

## ОРГАНИ НА ЗДРУЖЕНИЕТО, НАДЛЕЖНОСТИ, НАЧИН НА СВИКУВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ

**Член 17**

Органи на Здружението се: Собрание на Здружението, претседател на Здружението (претседател), Управен одбор на Здружението и Надзорен одбор на Здружението.

**Собрание**

**Член 18**

Собранието е највисок орган на Здружението.

Собранието го сочинуваат сите негови редовни членови.

Колективните членови се застапени со по еден претставник, определен од нивниот надлежен орган.

**Член 19**

Собранието работи на седници.

Собранието може да биде редовно (годишно) и вонредно.

Редовното собрание се свикува и состанува најмалку еднаш годишно.

Редовното собрание го свикува претседателот преку писмена покана во која се наведени денот, местото, времето на одржување на седницата и датумот на евиденција (редовни членови што може да учествуваат и да одлучуваат на собранието), како и предлог на дневниот ред со соодветните материјали. Поканата до членовите се доставува лично или по електронски пат, во согласност со одредбите од овој Статут. Редовна седница на собранието се одржува најрано во рок од 8, а најдоцна во рок од 15 дена од денот на нејзиното свикување.

Вонредна седница на Собранието може да се свика помеѓу две редовни (годишни) собранија по иницијатива и со образложен предлог на 1/3 од членовите на Собранието или на 1/3 од членовите на Управниот одбор или по предлог од НО. Иницијативата и образложениот предлог се доставуваат до Управниот одбор лично или по електронски пат во согласност со одредбите од овој Статут и се наведуваат прашањата и точките по кои би требало да се расправа и одлучува. На вонредната седница може да се одлучува само по оние точки поради кои е свикана таа.

Доколку Управниот одбор не свика седница на Собранието во рок од 15 дена од денот на поднесувањето на иницијативата, тогаш седницата ја свикуваат предлагачите наведувајќи го предложениот дневен ред и местото и датумот на одржување на седницата. Седницата јавно се објавува на веб-страницата на Здружението најрано 15 дена пред одржувањето. Во секој случај вонредната седница на собранието се одржува најдоцна во рок од 30 дена од денот на поднесувањето на барањето за одржување.

Со седницата на Собранието претседава и раководи претседателот. Во отсуство на претседателот, со Собранието претседава најстариот присутен член на Здружението.

Секој член на здружението, вклучително и претставникот на колективниот член има право на еден глас во Собранието, доколку уредно ги имаат исполнети своите статутарни обврски кон Здружението.

Собранието може полноправно да работи и одлучува (кворум) доколку се присутни најмалку половината од членовите на Здружението.

Собранието одлуките ги донесува со мнозинство од присутните членови, доколку со овој Статут не се предвидува повисоко, квалификувано мнозинство.

Доколку не е обезбеден кворум за работа, седницата на Собранието се презакажува во рок од 7 (седум) дена од денот кога требало да се одржи. На повторената седница не е потребен кворумот определен со овој Статут и одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните членови.

Член на Здружението се идентификува со извод од Регистарот на членови. Во работата на Собранието наместо отсутен член на Здружението може да учествува и секое друго лице кое е член на Здружението, доколку добие писмено полномошно од отсутниот член. Полномошното не мора да биде заверено на нотар, а мора да содржи: - назнака за полномошното, односно членот на Здружението, кој го издава полномошното, - овластување полномошното да постапува и гласа во име на членот на Здружението на Собранието, - назнака за датумот на издавање на полномошното.

За работата на Собранието се води записник од страна на записничар. Записничар на Собранието е вработен. Записник се чува во архивата на Здружението согласно со пропис со кој се уредува архивското работење.

**Член 20**

Собранието:

- донесува статут и негови измени и дополнувања со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број членови во Собранието;
- усвојува други акти на Здружението;
- донесува план и програмата за работа на Здружението;
- дава насоки за работата на Здружението;
- усвојува годишен извештај за работа на Здружението и годишен финансиски извештај (годишна завршна сметка) и ги објавува на својата веб-страница;
- го доставува годишниот финансиски извештај (годишна завршна сметка) до надлежниот орган на државна управа;
- усвојува финансискиот план на Здружението;
- го разгледува и усвојува извештаите за работа на Управниот одбор и на Надзорниот одбор;
- одлучува за промена на целта на Здружението;
- одлучува за внатрешната организација и организациони форми на органите на Здружението;
- избира и разрешува членови на Управниот одбор;
- избира и разрешува членови на Надзорниот одбор;
- избира претседател;
- одлучува за почесните членови на Здружението,
- одлучува за статусните измени на Здружението;
- одлучува по жалби по одлуки донесени од претседателот или од Управниот одбор;
- одлучува за престанокот на Здружението; и
- врши и други работи во согласност со Статутот и актите на Здружението, а кои не се во исклучива надлежност на други органи на Здружението.

**Управен одбор („УО“)**

**Член 21**

УО е извршен орган на Здружението, кој се грижи за спроведување на целите на Здружението утврдени со овој Статут.

УО се состои од 9 членови (претседател + 8 членови), кои се избираат од страна на Собранието.

Претседателот по службена должност е член на УО.

Мандатот на членовите на УО е 4 години, со право на повторен избор.

Мандатот може да престане со оставка, со смрт или друга природна причина на членот на УО.

Член на УО може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Се смета дека на членот на УО му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма или во електронска форма, во согласност со одредбите од овој Статут. Ако бројот на членовите на УО се намали под бројот определен со статутот, УО, по предлог на претседателот, може да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на УО до наредното Собрание.

## Член 22

УО:

- ја обезбедува редовната работа на Здружението;
- заедно со претседателот работи на подготовка и свикување на редовното (годишно) или вонредно Собрание;
- му предлага на Собранието одлука за донесување на Статутот, како и за изменување и дополнување на Статутот;
- ја предлага на Собранието годишната Програма за работа на Здружението;
- до Собранието, преку НО, ги предлага на усвојување годишниот извештај за работа, годишниот финансиски извештај (годишна завршна сметка) и финансискиот план;
- се грижи за спроведување на одлуките и заклучоците на Собранието;
- ја операционализира програмата за работата на Здружението;
- одлучува за воведување нови методи и облици на работа;
- ги утврдува и организира формите на работа и на дејствување на Здружението и за тоа донесува соодветни одлуки;

- го утврдува годишниот износ на членарината и начинот на нејзино плаќање;
- одлучува за надоместоци и хонорари за лицата, ангажирани во активностите на Здружението во рамките на финансиските политики и одобрениот финансиски план на Здружението;
- утврдува рамка за финансиски и други повластувања што може да им се дадат на членови на Здружението или на други лица, кои се вклучени во активностите на Здружението;
- одлучува за склучување договори или други правни работи, чија вредност надминува 300.000,00 (триста илјади) денари;
- донесува тарифа за авторските хонорари за лицата, ангажирани на настани организирани или соорганизирани од Здружението;
- со претходно одобрување од Надзорниот одбор ја утврдува висината на надоместокот на членовите на УО и на претседателот, а во рамките на финансиските политики и одобрениот финансиски план на Здружението;
- на предлог на претседателот, ја утврдува платата на секретарот и стручната служба на Здружението;
- донесува финансиски одлуки, кои не се во надлежност на претседателот;
- донесува одлуки и утврдува политики за објавување билтени, стручни списанија и публикации;
- именува главен уредник, уредник и заменик главен уредник, редакција и меѓународни уредувачки одбори на публикациите на Здружението;
- на предлог на претседателот, ги именува главниот и одговорен уредник и членовите на редакцијата на стручното списание ПРАВНИК;
- одлучува за доделување признанија за придонес на развојот и унапредување на правниот систем, правната теорија и практика, правната свест, правната етика и правната култура, како и за придонес во работата на Здружението;
- одлучува за прием на нови членови (индивидуални, колективни, придружни и почесни);
- одлучува за престанок на членство во Здружението, по претходен предлог од претседателот;

- на предлог на претседателот одлучува за соработка и здружување со други сродни организации, како и за меѓународна соработка;
- на предлог на претседателот одлучува за поднесување барање за добивање статус на Здружение од јавен интерес;
- на предлог на претседателот определува претставници на Здружението за учество во работата на сродни организации во земјата и во странство;
- врз основа на предлог на претседателот го избира секретарот на Здружението;
- формира постојани и повремени работни тела и
- одлучува за други прашања за кои, по закон или статут, не се надлежни други органи на Здружението.

УО поднесува извештај за својата работа на разгледување и одобрување до годишното Собрание.

**Член 23**

За својата работа членовите на УО добиваат надоместок по присуство на одржана седница.

Висината на надоместокот секоја година ја определува редовното (годишно) Собрание, на претходен предлог од претседателот.

Ефективната уплата на надоместокот се врши согласно со расположливите средства на Здружението и усвоениот финансиски план, за што одлука донесува УО на предлог на претседателот.

**Член 24**

УО работи и одлучува на седници.

Претседателот истовремено е и претседател на УО.

Седниците на УО се одржуваат по потреба меѓу две седници на Собранието, но задолжително 15 дена пред одржување на годишното Собрание.

Седниците на УО ги свикува претседателот на УО или 1/3 од вкупниот број на членови на УО.

УО полноважно одлучува ако се присутни повеќе од половината од членовите, а одлуките ги донесува со мнозинство од гласовите на вкупниот број членови.

Доколку не е обезбеден кворум за работа, седницата на УО се презакажува во рок од 7 (седум) дена од денот кога требало да се одржи. На повторената седница на УО не е потребен кворум и одлуките се донесуваат со мнозинство од присутните членови.

Гласањето, по правило, се врши на седница на УО со физичко присуство.

За одлуките на УО се гласа јавно, освен доколку 1/3 од вкупниот број членови на УО не одлучи да се гласа со тајно гласање.

Доколку 1/3 од членовите на УО побараат одлучувањето и гласањето може да се одвива и по електронски пат, со електронска пошта, на адреси претходно доставени од членовите на УО до секретарот, а во согласност со одредбите од овој Статут.

Одлуката на УО се смета за донесена ако за неа гласале мнозинство членови од присутните и од членовите што гласале по електронски пат, во согласност со одредбите од овој Статут.

## Надзорен одбор („НО“)

### Член 25

Здружението има НО како орган за надзор.

НО ја следи и врши надзор над работата на органите, формирани согласно со закон и со овој Статут. За своите наоди и мислење НО го известува Собранието и органот, чиешто работење е под надзор.

НО утврдува дали дејноста на Здружението е во согласност со законите, Статутот и другите акти на Здружението. НО особено го надгледува материјалното и финансиското работење на Здружението.

НО е должен да свика вонредна седница на Собранието во случај на потешки повреди на материјалното и финансиското работење на Здружението од страна на органите на Здружението.

НО ги одобрува и до Собранието ги доставува на усвојување извештаите за работа на претседателот и на УО.

НО ги одобрува и до Собранието ги доставува на усвојување годишниот извештај за работа на Здружението, годишниот финансиски извештај (годишна завршна сметка) и годишниот финансиски план.

НО поднесува извештај за својата работа на разгледување и одобрување до годишното Собрание.

НО се состои од 5 члена што се избираат од страна на Собранието. Мандатот на членовите на НО трае 4 години со право на повторен избор.

Член на НО може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до органот што го избрал. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Се смета дека на членот на НО му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма или во електронска форма, во согласност со одредбите од овој Статут. Ако бројот на членовите на НО се намали под бројот определен со статутот, НО може да го пополни неговиот состав со избор на вршител на должноста член на НО до наредното собрание.

НО одржува најмалку една седница годишно. НО одлучува со мнозинство од неговите членовите.

НО од редот на своите членови избира претседател. Во отсуство на претседателот, со НО претседава најстариот присутен член.

За својата работа членовите на НО добиваат надоместок по присуство на одржана седница.

Висината на надоместокот секоја година ја определува редовното (годишно) Собрание, на претходен предлог од претседателот.

Ефективната уплата на надоместокот се врши согласно со расположливите средства на Здружението и усвоениот финансиски план, за што донесува одлука УО на предлог на претседателот.

## Претседател на здружението

### Член 26

Здружението има претседател.

Претседателот се избира од страна на Собранието.

За претседател може да биде избран дипломиран правник, со минимум десетгодишно работно искуство во областа на правото, со особен придонес во развојот на правото и правната теорија и практика, одлично познавање на минимум еден светски јазик (англиски задолжително) и со познавање и активно користење на информатичките технологии.

Претседателот по функција е и претседател на УО.

Претседателот претседава со Собранието.

Претседателот ги потпишува одлуките на Собранието и на УО.

Во случај на објективна спреченост, претседателот назначува член од УО, кој ќе менува и ќе претседава со Собранието или ќе раководи со седница на УО.

Мандатот на претседателот од 4 години, со право на повторен избор.

Мандатот на претседателот може да престане со оставка, со смрт или друга природна причина на членот на УО.

Претседателот може да поднесе оставка во кое било време со поднесување писмено известување до секретарот на Здружението. По поднесената оставка не се одлучува за нејзиното прифаќање. Се смета дека на претседателот му престанал мандатот со денот што го назначил во оставката, поднесена во писмена форма или во електронска форма, во согласност со одредбите од овој Статут. Ако интересите на Здружението го наложуваат тоа, членовите преку свикување вонредно собрание може да го обврзат претседателот да ја врши функцијата до избор на нов претседател, но не подолго од 30 дена.

Доколку му е истечен мандатот на претседателот, а Собранието не избере нов претседател согласно со постапката, утврдена во овој Статут, мандатот на претседателот му се продолжува до изборот на нов претседател, но не повеќе од 60 дена од денот на истекот на мандатот.

**Член 27**

Претседателот е застапник по закон на Здружението.

Претседателот:

- го претставува и застапува Здружението;
- во соработка со УО, ги свикува седниците на Собранието и на УО и го составува и предлага дневниот ред по кој ќе се расправа и одлучува;

- во соработка со УО, организира стручни расправи, ги подготвува предлозите на материјалите и одлуките што ги донесува Собранието;
- во соработка со УО, предлага предавачи, едукатори и програми на предавања на семинари, обуки, средби и другите активности во врска со остварување на целите на Здружението;
- врши преговори и активно работи на организирање собири, обуки, предавања и други форми;
- во рамките на утврдените политики за објавување од страна на УО, одлучува за избор и објавување научни и стручни трудови, реферати и други написи;
- се грижи за привлекување нови членови на Здружението;
- се грижи за запознавање на јавноста и на членовите со работата на Здружението;
- поднесува годишен извештај за работа на Здружението до Собранието и
- е надлежен за сите прашања што по закон или статут не се во исклучива надлежост на другите органи на Здружението.

Претседателот за својата работа одговара пред Собранието.

Претседателот за извршување на својата функција добива месечен надоместок, чија висина, по правило, изнесува една и половина просечна нето-плата во Република Северна Македонија. Висината на надоместокот за претседателот, се ревидира на секое редовно (годишно) Собрание. Ефективната уплата на надоместокот се врши согласно со расположливите средства на Здружението и усвоениот финансиски план, за што одлука донесува УО на предлог на претседателот.

## НАЧИН НА ОДРЖУВАЊЕ И ОДЛУЧУВАЊЕ НА СЕДНИЦИТЕ НА ОРГАНИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО (СОБРАНИЕ, УО И НО)

### Член 28

Седниците на органите на Здружението, по правило, се одржуваат со физичко присуство.

По исклучок, членовите на органите на Здружението може да учествуваат и да одлучуваат на седница без физичко присуство (*виртуелна седница*) со користење конференциска телефонска врска, друга аудиовизуелна

комуникациска опрема или со користење кое било друго комуникациско средство (Microsoft Teams, ZOOM, Cisco Webex Meetings, Viber, Skype, WhatsApp и други) што овозможува со сигурност да се утврдат постоењето и содржината на изјавата, како и идентитетот на лицето што ја дава, со тоа што сите лица што учествуваат на така организираната седница може меѓусебно истовремено да се слушаат и да разговараат еден со друг.

Секоја комуникација, документи и материјали во врска со дневниот ред и материјалите што се составен дел од точките на дневен ред се доставуваат во електронска форма на емејл адреса или преку кое било друго комуникациско средство што овозможува со сигурност да се утврдат постоењето и содржината на изјавата, како и идентитетот на лицето што ја доставува.

Правилата и постапките што важат за одржување седници со физичко присуство, соодветно се применуваат и за виртуелните седници.

Учеството и одлучувањето на вака одржана виртуелна седница се евидентира во записник.

Записникот го потпишува лицето што претседавало со органот.

**Член 29**

Одлуките што се донесуваат од страна на органите на Здружението може да се донесуваат и со одлучување преку допишување (*одлучување преку допишување*). Во таков случај секоја комуникација, документи и материјали во врска со дневниот ред и материјалите што се составен дел од точките на дневен ред се доставуваат во електронска форма на мејл адреса или преку кое било друго комуникациско средство што овозможува со сигурност да се утврдат постоењето и содржината на изјавата, како и идентитетот на лицето што ја доставува.

Лицето што претседава со органот на Здружението е должно покрај дневниот ред и материјалите, да ги извести членовите на Здружението за рокот за електронско гласање со наведување на последниот ден и датум кога се врши електронското гласање.

Во случај на одржување на седници преку допишување се одлучува со гласање (изјаснување) преку електронска пошта или преку кое било друго

комуникациско средство што овозможува со сигурност да се утврдат постоењето и содржината на изјавата, како и идентитетот на лицето што ја доставува.

Одлучувањето и гласање преку допишување има карактер на јавно гласање и тоа има правна сила и обврзувачко дејство, како и гласање, извршено на седница со физичко присуство.

Членовите на органот на Здружението при електронското гласање, се изјаснуваат со „за“, „против“ или „воздржан“ по точките од дневниот ред.

Доколку истовремено се врши електронско гласање за повеќе точки од дневниот ред, членот на органот мора да се изјасни јасно и недвосмислено одделно за секоја точка од дневниот ред, со давање на својот глас „за“, „против“ или „воздржан“.

Членовите на органот гласаат циркуларно (со одговор до сите членови на органот) испратена до сите членови на органот.

Предлогот се смета за усвоен доколку се постигнало мнозинството утврдено со овој статут.

За сите одлуки, донесени на овој начин се подготвува записник во кој се евидентираат одлуките. Во овој случај, записникот се подготвуваа најдоцна во рок од 5 дена од денот на гласањето. Во записникот се наведува вкупниот резултат од гласањето за секоја точка одделно што била предмет на електронско гласање. Записникот го потпишува лицето што претседавало со органот.

**Член 30**

По исклучок, органите на Здружението може своите седници да ги одржуваат мешовито, односно присуството и одлучувањето на членовите да биде делумно со физичко присуство, а делумно со користење конференциска телефонска врска, друга аудиовизуелна комуникациска опрема или со користење кое било друго комуникациско средство (*хибридна седница*). Во таков случај се применуваат посебните правила, утврдени со овој статут се секој посебен начин на одржување и одлучување на седница на органот.

**Член 31**

Во случај кога седници на органите на Здружението се организираат со физичко присуство, а член на органот е спречен физички да учествува во работата на седницата на органот на Здружението, тогаш членот пред почетокот на седницата може да достави до лицето што претседава со органот писмено изјаснување (гласање) за предложените одлуки и материјали за седница, во рокот, определен во поканата за свикување, и во таков случај тој член се смета како лично присутен на седницата и се засметува во кворумот за одржување и за работа.

**СТРУЧНА СЛУЖБА**

**Член 32**

Здружението има секретар.

Секретарот е дел од стручната служба и ги извршува административно-техничките и другите работи, неопходни за функционирање на Здружението.

Секретарот ја раководи стручната служба.

Секретарот го избира УО врз основа на предлог на претседателот.

За секретар се бира лице со завршен правен факултет, петгодишно работно искуство на правни работи и со познавање на најмалку еден странски јазик (англиски задолжително).

Правата и обврските од работниот однос на секретарот се уредуваат со договор за вработување, склучен помеѓу секретар и претседателот, во име на Здружението.

Здружението има стручна служба, која му помага на секретарот во извршување на административно-техничките работи.

Бројот на лица, ангажирани во стручната служба, основот за нивно ангажирање, како и нивните права и обврски се утврдуваат со одлука на УО, на предлог на претседателот.

**ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА И ФОРМИ НА РАБОТА И НА ДЕЈСТВУВАЊЕ НА ЗДРУЖЕНИЕТО**

**Член 33**

Во својот состав Здружението може да има ограноци, како негови внатрешни организациони облици, кои ги обединуваат правниците од соодветна општина.

Ограноците ќе помагаат Здружението поуспешно да ги остварува целите на здружувањето и своите задачи, а ќе помагаат и во развојот на локалната самоуправа.

За основање огранок, одлука донесува УО, на предлог на претседателот.

УО може да формира работни тела, комисии, секции, центри и други организациони форми на дејствување од редот на своите членови и од други лица, истакнати стручњаци од практиката.

Со одлуката за формирање на организационите форми на дејствување од претходниот став на овој член се определува нивниот состав, задачи, време за кое се формирани и одговорност за извршување на задачите.

## СТАТУСНИ ИЗМЕНИ

**Член 34**

Здружението може да врши статусни промени (присоединување, спојување и поделба) на начин и постапка, утврдена со пропис со кој се уредуваат здруженијата и фондациите.

Одлуката и другите акти и документи со кои се врши статусна промена ги донесува Собранието со двотретинско мнозинство од присутните членови.

## НАЧИН НА СТЕКНУВАЊЕ И РАСПОЛГАЊЕ СО СРЕДСТВА

**Член 35**

Финансиските средства за извршување на целите и дејностите на Здружението се обезбедуваат од:

- членарина, определена од УО;

- котизации за семинари, средби, конференции, консултанство, обуки, учество во домашни и меѓународни проекти и други видови едукации;
- приходи од продажба на стручни публикации;
- добивка, остварена со вршење на трговска дејност;
- доброволни прилози;
- донации;
- подароци;
- финансиски субвенции во согласност со закон;
- спонзорства, завештанија, легати во согласност со закон и
- други, со закон, дозволени начини.

Собраните средства по сите основи може да се користат исклучиво за остварување на статутарната дејност и целите на Здружението, вклучувајќи ги трошоците за редовното работење на Здружението и сопственото учество во финансирањето на одредени проекти.

За стекнувањето, користењето и располагањето со средствата на Здружението се води евиденција согласно со закон.

Здружението води книги, подготвува годишни финансиски извештаи и подлежи на ревизија согласно со закон или врз основа на договор.

Членовите на органите на Здружението по закон се должни да управуваат и работат со внимание и во согласност со начелата на добро управување, во интерес на Здружението, а над личните интереси, односно во интерес на остварување на целите, во согласност со закон и овој Статут.

Членовите на органите на Здружението се должни да ги пријават и обелоденат сите можни облици на судир на интереси.

За своите обврски Здружението одговара со сиот свој имот. Имотот на Здружението не може да се распределува на неговите членови, основачи, членови на органите на Здружението.

Членовите на Здружението и членовите на органите на Здружението може да бидат лично и неограничено одговорни за нивните обврски кон Здружението, за злоупотреба на средствата на Здружението, за постигнување цели што за нив како поединци се забранети или за злоупотреба на Здружението како правно лице за да им нанесат штета на своите доверители.

Членовите на органите на Здружението се одговорни солидарно за штетата на Здружението, предизвикана од нивната работа, ако таа е предизвикана со грубо невнимание или со намера да се предизвика штета, освен во случаите кога во одлучувањето го издвоиле своето мислење на записник или ако не учествувале во одлучувањето. Барање за надомест на штета, во име на Здружението, поднесува претседателот на НО.

## ЈАВНОСТ, ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ГЛАСИЛО НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 36

Работењето на Здружението е јавно.

Редовно известување на членството и на јавноста за работењето и активностите на Здружението се врши непосредно на Собрание, преку гласило на Здружението кое се објавува на веб-страницата на Здружението, преку негово доставување на електронската пошта на членовите или преку соопштенија за јавноста или на друг соодветен начин.

Заклучоците, ставовите, пораки и препораки што се донесуваат на настаните во организација на Здружението посебно се објавуваат во соодветни гласила на Здружението.

### Член 37

Здружението издава стручно списание како свое гласило.

Гласило на Здружението е: ПРАВНИК.

Здружението издава и ДЕЛОВНО ПРАВО, издание за теорија и практика на правото.

### Член 38

За издавање и уредување на изданијата од членот 37 на овој Статут се формираат и именуваат издавачки совети и уредувачки одбори (главен уредник, уредник и заменик главен уредник) и меѓународни уредувачки одбори.

Бројот, составот и надлежностите на издавачките совети и уредувачките одбори ги утврдува со одлука УО, а на предлог на претседателот.

## ЕТИЧКИ СТАНДАРДИ ЗА ПРОФЕСИОНАЛНО ОДНЕСУВАЊЕ

**Член 39**

Членовите на Здружението се должни да ги почитуваат и да се придржуваат до највисоките етички стандарди за професионално однесување во правната професија.

**Член 40**

Секој пријавен случај на непочитување на етичките стандарди за професионално однесување во правната професија повлекува одговорност на членот на Здружението, за што одлучува посебна комисија за следење на примена на етичките стандарди.

**Член 41**

Комисијата од член 40 ја формира УО и се состои од 3 члена. Комисијата ги испитува наводите во пријавата и во случај на постоење непочитување на етичките стандарди изрекува мерка – опомена. Три изречени мерки на опомена на ист член на Здружението повлекуваат мерка – престанок/исклучување од членство во Здружението.

## ЧЛЕНУВАЊЕ ВО МЕЃУНАРОДНИ ОРАГНИЗАЦИИ И ЗДРУЖУВАЊЕ ВО СОЈУЗИ 6

**Член 42**

Здружението може да членува и да соработува со сродни домашни и меѓународни организации и да се здружува во сојузи, а чие работење не е во спротивност на целите, утврдени со овој Статут и не е во спротивност со домашните прописи.

Одлука за членување во меѓународни организации и за здружување во сојузи на предлог на претседателот донесува УО, а за тоа го известува Собранието.

Здружението не го губи својството на правно лице при здружување во сојуз или друга форма на здружување.

## ПРЕСТАНОК НА ЗДРУЖЕНИЕТО

### Член 43

Здружението престанува со одлука на собранието, кога ќе престанат условите за остварување на целите на Здружението, како и во други случаи, предвидени со закон.

Одлуката за престанок Собранието ја донесува со двотретинско мнозинство на гласови од вкупниот број членови во Собранието, како и во случаи утврдени со Закон.

За престанокот на Здружението, претседателот ги известува органите кај кои е регистрирано Здружението, во рокот пропишан со закон и ја спроведува постапката на бришење од надлежниот регистар.

Во случај на престанок на Здружението, средствата на Здружението што ќе останат по намирувањето на сите обврски на Здружението се пренесуваат на Правниот факултет „Јустинијан Први", во Скопје.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 44

Измени и дополнувања на Статутот се вршат на начин и постапка, предвидена за неговото донесување, а пречистен текст на Статутот утврдува УО.

Предлог за изменување и дополнување на Статутот може да поднесат претседателот, УО или НО. Предлог за изменување и дополнување на Статутот може да поднесат и 1/3 од членовите на Здружението.

УО или НО го утврдува Предлогот за измена на Статутот.

Промената на Статутот се прифаќа кога ќе биде усвоена на Собранието, со мнозинство гласови од вкупниот број членови во Собранието.

**Член 45**

Секој член на Здружението, кој ќе потпише изјава за пристапување има право на увид во одредбите на Статутот.

**Член 46**

Толкување на одредбите на овој статут дава УО.

Барање за толкување од претходниот став се доставува до секретарот на Здружението.

**Член 47**

Постојните членови на УО и на НО, избрани пред влегувањето во сила на овој Статут продолжуваат да ја вршат својата функција до истекот на мандатот на постојниот претседател.

**Член 48**

Овој статут влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе биде објавен во гласилото на Здружението – ПРАВНИК и на веб-страницата на Здружението.

**Член 49**

Со денот на влегување во сила на овој Статут, престанува да важи Статутот на Здружението на правниците на Република Северна Македонија од септември 2019 година.

ПРЕТСЕДАТЕЛ

Скопје, септември 2023 година

Проф. д-р Горан Коевски

___________________________